# ИЗВЕШТАЈ

од самоевалуација на ООУ „Гоце Делчев“-Битола

период 2024-2026 година





**ИЗВЕШТАЈ**

од самоевалуација на ООУ „Гоце Делчев“-Битола период 2024-2026 година

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ бр. 161/19, 229/20, 3/25, 74/25 година) Општинското основно училиште „Гоце Делчев“ изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2024/2026 година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 20.05.2024 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот 2024/2026 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| Подрачје | Членови на тимот |
|---|---|
| 1. Планирање, настава и учење | Одговорен наставник Ана Каранфиловска, членови Димитар Ѓоргиевски, Лулјета Керими, Виолета Паревска и Нурџан Тефику |
| 2. Постигања на учениците | Одговорен наставник: Виолета Костова, членови: Сашка Делова, Виолета Најдовска,Марија Арсиќ и Драгана Т, Вржовска |
| 3. Училишна клима и односи во училиштето | Одговорен наставник: Јагода Димовска, членови: Марија Јаковлевск , Емилија Прчкова |
| 4. Управување и раководење | Одговорен наставник: Лејла Усеиновска, членови: Кристина Вељановска, Јустра Рамадани и Ахила Р Сули |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 03.07.2024 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и

слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

**Опис/резиме на подрачјето**

Во текот на учебната година учениците ги имаат сите наставни часови согласно распоредот

- -Според анкетите 85,5% од родителите изјавиле дека наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на инивидуалните
- потреби на секое дете. 98% од наставниците тврдат дека учениците честопати работат на начини кои подразбираат интеракција помеѓу
- нив, при што учениците и наставниците се однесуваат со почитување.
- -Анкетите покажуваат дека околу 90%од родителите се запознаени со листите на изборни/слободни изборни предмети и активности.
- -Наставниците користат разни инструменти и начини за проверка на знаењето на учениците, но кога е во прашање оценувањето и запознавање со критериумите за оценување по наставните предмети, 74% од родителите се запознаени со истите и сметаат дека нивните деца се оценувани по исти критериуми, но 22% не се согласуваат или не знаат/немаат информација за ова тврдење.

  им објаснуваат што треба да знаат за секоја оценка и дека им објаснуваат зошто ја добиле одредена оцена и како да ја подобрат. 80% од учениците тврдат дека оценувањето е праведно.
- -Училиштето планира и реализира воннаставните активности во кои се вклучуваат учениците во зависност од нивните желби и интересии. Независно од пол, социјален статус и етничка припадност сите имаат еденакви можности да се вклучат. Околу 83% од учениците и 70% од родителите тоа го потврдуваат.-Она во кое **23%од учениците не се согласуваат е дека имаат избор на различни воннаставни активности. Исто така и 32% од родителите не се согласуваат дека училиштето нуди избор на различни воннаставни активности.**
- -Доколку по некој предмет сакам да научам повеќе од предвиденото на часовите, наставниците ми нудат додатни часови. Согласно спроведената анкета, за надарени и талентани ученици е овозможено да посетуваат додатна настава. Но, од друга страна скоро 33% од учениците тврдат доколку по некој предмет сакаат да научат повеќе од предвиденото на часовите, наставниците не им нудат додатни часови.
- Самоевалуацијата ни покажува дека нашето училиште има силни страни во планирањето, наставата и учењето, но постојата и области кои треба да се подобрат. Со примена на препораките од самоевалуацијата училиштето ќе може да ги надмине предизвиците и да обезбеди поквалитетно образование за своите ученици.

**Силни страни**

- Транспарентност и слобода при избор на изборни/слободни изборни предмети и учениците, со цел учениците да стекнат трајни знаења. На овој начин се гради доверба меѓу

наставниците и учениците

- -Користење на разни наставни форми и методи на работа кои ги задоволуваат различните стилови на учење и овозможуваат интересни часови за учениците.
- --Наставниците користат различни алатки и методи како работилници, проекти, набљудување, индивидуални разговори и сл.за проценка и идентификување на различните потреби и интереси на учениците
- -Примена на диференцирани наставни методи и материјали кои се прилагодуваат на различните нивоа на знаења и способности на учениците во иста училница.
- -Учениците учествуваат и освојуваат награди од општински, регионални, државни и меѓународни.
- активности
- -Во процесот на поучување и учење се користат различни методи на интеракција на

**Слаб страни**

- -При реализирање на наставните часови и усвојување на наставните содржини, учениците не користат доволно различни материјали и извори на учење
- - Дел од родителите сметаат дека нивните деца не се доволно вклучени во активности со ученици од други култури од нашето или друго училиште
- -Училиштето нуди ограничен избор на различни воннаставни активности
- -Одреден процент од родителите не се согласуваат дека се запознаени со критериумите за оценување или воопшто немат информација за тоа
- - Во училиштето нередовно се реализира додатна настава во одделенска и во предметна настава

**Приоритети**

**Заради поефикасно реализирање на наставните часови и полесно совладување на наставните содржини потребно е да се Обезбедат дополнителни материјали, прирчници ,енциклопедии, учебници.Поголема достапност до библиотеки за користење на книги ,интернет пристап и пристап до образовни платформи, обезбедување аудио и видео материјали и сл.**

- **-поголемото учество во меѓународни образовни проекти, организирање на повеќе активности со ученици од други култури, онлајн соработки, организирање на посети на училишта од други земји, обработка на теми за интеркултурно образование во редовната настава и подигање на свеста за за важноста на културната разноликост ќе овозможи поголема вклученост на учениците во активности со ученици од други култури**
- -со цел за поголем избор на воннаставни активности потребно е проучување на интересите и талентите на учениците преку анкети или разговори и понуда на активности во согласност со тие интереси
- -запознавањето со критериумите на оценување е клучно за успехот на учениците па затоа треба да се обрни поголемо внимание на јасноста и транспарентноста на критериумите,навремено усно или писмено информирање,примери и објаснување од страна на наставникот ,континуирана повратна информација,флексибилност и

прилагодливост на критериумите за за ученици со посеби образовни потреби,

- за поголема редовност на додатната настава потребно е да се поттикнат учениците за посета на додатна настава со цел поголемо учество во натпревари и конкурси, поголема информираност и вклученост на родителите, обезбедување на на наставни материјали и ресурси ,поддршка наставник-ученик

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

**Опис/резиме на подрачјето**

Моите родители/старатели се постојано известувани за мојот напредок на училиште.

Анкетите покажуваат дека над 70% од учениците се изјасниле дека нивните родители се редовно и континуирано информирани за нивниот напредок. 94,4% од родителите тврдат дека добиваат информации за напредокот и слабостите при учењето кај учениците, при што добиваат и насоки како учениците да ги надминат потешкотиите при совладување на материјалот. 98% од наставниците се изјасниле дека со родителите редовно разговараат за постигањата на нивните деца по својот предмет и даваат насоки како да се подобрат.

Наставниците постојано ме поттикнуваат на подобрување на мојот успех. Најголем број целосно се согласуваат дека се постојано поттикнувани од наставниците со цел да го подобрат нивниот успех, т.е. 94,1% се изјасниле дека се чувствуваат слободни да поставуваат прашања на часовите доколку нешто не им е јасно.. Сите наставници се изјасниле дека ги поттикнуваат учениците да поставуваат прашања кога нешто не разбираат или сакаат да знаат повеќе. 89,5% од родителите изјавиле дека нивните деца чувствуваат слобода во изразувањето на часовите. 79% од учениците се изјасниле дека наставниците ги поддржуваат и мотивираат да учествувам во различни проекти / 95% од учениците тврдат дека наставниците им објаснуваат што треба да знаат за секоја оценаи дека наставниците им објаснуваат зошто ја добиле одредена оцена и како да ја подобрат. 80% од учениците тврдат дека оценувањето е праведно.

Доколку не можам да го совладам материјалот, на мое барање, наставниците им организираат дополнителна настава 67,5%, од учениците тврдат дека Доколку не можат да го совладаат материјалот, на нивно барање, наставниците им организираат дополнителна настава. Но, незанемрливи се 32,5% од редот на учениците кои се изјасниле дека тоа не е случај. 79,6% од родителите тврдат дека во училиштето е овозможена дополнителна или додатна настава, доколку ученикот има потреба од тоа. Од голема помош им е дополнителната настава која ја посетуваат не само ученици со потешкотии во совладување на материјалот, туку и ученици кои имаат потреба поради здравствени отсуства и сл.

Доколку не можам да го совладам материјалот, наставниците се обидуваат да ми го разјаснат на различни начини. Најголем број од учениците (92,5%)целосно или се согласуваат дека во наставата се применуваат различни начини и пристапи на работа со што ги поттикнуваат учениците на критичко размислување(98%) со цел наставните содржини да бидат поинтересни и поприфатливи за учениците. 83,5% од родителите се изјасниле дека Наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на детето и користат различни ресурси за подобрување на квалитетот на наставата.

Доколку по некој предмет сакам да научам повеќе од предвиденото на часовите, наставниците ми нудат додатни часови. Согласно спроведената анкета, за надарени и талентани ученици е овозможено да посетуваат додатна настава. Но, од друга страна скоро

33% од учениците тврдат дека доколку по некој предмет сакаат да научат повеќе од предвиденото на часовите, наставниците не им нудат додатни часови. Од друга страна пак, 79,6% од интервјуираните родители изјавиле дека наставниот кадар реализира додатна и дополнителна настава за учениците. Дополнително на тоа, 85,5% од родителите изјавиле дека наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на секое дете. 98% од наставниците тврдат дека учениците честопати работат на начини кои подразбираат интеракција помеѓу нив, при што учениците и наставниците се однесуваат со почитување. Се планираат и реализираат мултикултурни активности и работилници за превенција од врсничко насилство, при што 98% од наставниот кадар се изјасниле дека спроведуваат активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти. 86% од наставниците тврдат дека се подготвени да прифатат аргументирани идеи од родителите за подобрување на воспитно-образовниот процес.

**Силни страни**

По наставните предмети по кои редовно се реализира додатна настава, постигнати се високи општински, регионални и државни награди и признанија.

Се планираат и реализираат мултикултурни активности и работилници за превенција од врсничко насилство и разрешување конфликти меѓу врсниците. Во текот на 2023/24 за учениците од предметна настава беа одржани работилници од областа на менталното здравре, од страна на ученици од 9 и 7 одд. („Школа за врснички едукатори"-YMCA, Битола и општина Битола)

**Слаби страни**

Отсуствување од настава...

Родителите се изјасниле дека во училиште нередовно се реализира додатна настава по сите наставни предмети, одделенска и предметна настава поединечно. По мал број наставни предмети учениците не се доволно мотивирани да посетуваат додатна настава поради неорганизација на натпревари по одредени наставни предмети. Дополнително на тоа, одреден дел од родителите не даваат согласност нивните деца да посетуваат додатни часови со објаснение нивните деца се преоптеретени со активности.

**Приоритети**

Констуктивно и организирано информирање на родителите за целите на дополнителната, особено додатната настава со цел истите да дадат согласнот учениците редовно да ги посетуваат. Да се поттикнат поголем број на ученици да посетуваат додатна настава со цел учество на повеќе натпревари и конкурси. Во случај да не се понудени локални, регионални или државни натпревари по одредени наставни предмети, да се организираат училишни натпревари (помеѓу паралелките, на ниво на генерација)

Со цел да се подобри редовноста на учениците на настава треба да се зајакни на соработката со родителите преку организирање советодавни предавања и работилници за родители и ученици со советодавна улога. Во полза на тоа би било и организација на додатни воннаставни активности со поголема вклученост на родителите во истите.

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

**Опис/резиме на подрачјето**

**Од спроведената анкета кај наставниците, добиени се следните резултати:**

**70% од наставниците имаат учествувано во изработка на кодексот за однесување во училиштето, 18% дека немаат, а 12% немаат информација за тоа. 96% мислат дека атмосферата во училиштето е позитивна и поттикнувачка, а 4% не се согласуваат со тоа. 54 % целосно се согласуваат дека за време на часовите има**

**добра работна атмосфера, а 46 % се согласуваат со тоа. 98% истакнуваат дека добро соработуваат со колегите во училиштето, а останатите 2 % не се соглсуваат со тоа. 96% наставници спроведуваат со учениците активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти, а останатите 4% не се согласуваат со тоа. 100 % ги мотивираат учениците да учествуваат во донесување одлуки од нивен интерес. 44 % целосно се согласуваат дека соодветно реагираат на поплаките на учениците за нееднаков третман, а 56% се согласуваат со тоа. Според наставниците,34% целосно се согласуваат со тоа дека различните маргинализирани групи ученици ги вклучуваат во училишните активности, а 66% се согласуваат со тоа. 96% наставници ги прифаќаат аргументираните идеи од родителите, а 4 % не се согласуваат со тоа. 80% учествуваат во заеднички проекти со општината, 10% повремено, а 10% не учествува. 92% истануваат дека се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителите, 6% делумно се согласуваат, 2% не се согласуваат. Најголем % од_наставниците истакнуваат дека училиштето не го обезбедува потребниот потошен материјал, но 98% се сложуваат дека учествуваат во интерни и екстерни обуки според нивните потреби. 98% наставници се изјаснија дека директорот и стручните соработници следат најмалку два часа во текот на едно полугодие и добиваат повратна информација од тоа. 60% наставници се согласуваат дека добиваат поддршка и признание за квалитетното работење, 34% се согласуваат, а 6% не го мислат тоа.**

**Од спроведената анкета кај учениците, добиени се следните резултати:**

**93,4 % мислат дека наставниците ги пофалуваат за нивниот труд, а останатите делумно се согласуваат или воопшто не се согласуваат. 95,9% се чувствуваат слободно да прашуваат на часовите, 0,8% делумно слободно, а 3,3% не се согласуваат со тоа. 77,5% истакнуваат дека имаат избор на различни вонаставни активности, 12,5% не се согласуваат со тоа, 10% немаат информација за тоа. 75,8% од учениците биле вклучени во активности заедно со ученици од други култури. 89,2% ученици се чувствуваат сигурно и безбедно, 4,2% делумно, остантите 6,6% не се чувствуваат. 84,2% мислат дека се носат заеднички правила на однесување и се запознаени со последиците од нивното непочитување. 91,6% имаат еднакви можности за учество во училишни активности, а 8,4% не се согласуваат со тоа. 82,5 % ученици истакнуваат дека Ученичката заедница од нивната паралелка учествува во активности за подобрување на работата во училиштето, 6,7% не се согласуваат, а 10,8 % немаат информација за тоа. 91,7 % се на мислење дека во училиштето се работи на решавањето конфликти и спречувањето насилство, 5,8 % не се согласуваат, а 2,5 % немаат информација. 82,5 % од учениците истакнуваат дека Ученичкиот парламент учествува во активности за подобрување на работата на училиштето, 5,8 % не се согласуваат, а останатите немаат информација. 13,3 % од учениците се изјаснија дека има некој кој несоодветно се однесувал кон нив во училиштето.**

**Од спроведената анкета кај родителите, добиени се следните резултати:**

**89,5 % истакнуваат дека нивното дете се чувствува целосно слободно да се изрази за време на часовите, а останатите делумно или не се согласуваат. 84,9 % мислат дека училиштето е безбедна и мотивирачка средина, 9,2 % не се согласуваат, а останатите немаат информација. Најголем дел од родителите се согласуваат или целосно се согласуваат со мислење дека наставниците го пофалуваат нивното дете за неговиот труд и му даваат насоки како подобро да учи. Исто така најголем дел родители редовно се известени за постигнувањата на нивното дете и со критериумите за оценување по различни предмети.** 70,4% **родители имаат можност да учествуваат во подготовката на кодексот на**

**однесување, 11,2% немаат можност, а 18,4 % немаат информација за тоа. Најголем % родители мислат дека нивното дете е прифатено и почитувано од наставниците и соучениците. 75% мислат дека училиштето добро се справува со дисциплината, а 25 % не се согласуваат. 92,1 % истакнуваат дека нивното дете не било дискриминирано во училиштето, 5,3 % делумно мислат, а 2,6 % немаат информација за тоа. Најголем % родители се запознаени со училишниот протокол за превенција и постапување во случај на насилство, како и со ненасилното решавање конфликти. 65,1 % од родителите мислат дека училиштето ги поттикнува активно да се вклучат во различни активности, 16,4 % не се согласуваат, а останатите немаат информација за тоа.**

**Силни страни**

- Подеднаков третман на сите ученици без разлика на полот и етничката припадност;
- Изготвени се кодекси за однесување во училиштето и истите се почитуваат;
- Отвореност за перманентна соработка со родителите;
- Голема и квалитетна соработка помеѓу наставниците и учениците;
- Континуирана и квалитетна соработка со локалната средина;
- Позитивна клима меѓу наставниците и меѓу учениците;
- Успешно детектирање и справување со конфликтни ситуации/врсничко насилство;
- Соработка со различни институции и стручни лица од различни области;
- Почитување на различностите на учениците (мултиетничка установа);
- Мотивирање на учениците преку пофалби и награди;
- Квалитетна соработка на менаџментот со сите субјекти во училиштето;

Промоција на активностите и постигањата на училиштето;

**Слаби страни**

- Послаба ангажираност на одредени родители во одредени иницијативи од страна на училиштето;
- Ограниченост на просторно-материјалните услово во однос на хигиената

**Приоритети**

- Поголема ангажираност на одредени родители во одредени иницијативи од страна на училиштето;
- Подобрување на просторно-материјалните услови во однос на хигиената.

**Подрачје 4: Управување и раководење**

**Опис/резиме**

**Клучни јаки страни:**

- Успешно работење на раководниот орган и управниот орган на училиштето;
- Директорот има јасна визија за развојот и напредокот на училиштето;
- Постоење на комплетна документација и евиденција за ова подрачје, усогласена со постоечките закони;
- Почитување на законите од страна на Органите на раководење и управување, наставниците и другите вработени;
- Транспарентност и демократичност на Органите на раководење и управување, со застапеност на претставници од двата етникуми;
- Успешно реализирани активности од развојното планирање
- Вклучување во голем број на проекти

| |
|---|
| Стручното усовршување на наставниците овозможува примена на нови форми и методи во наставата и објективност во оценувањето |
| **Клучни слаби страни:**<br>• Недостиг на материјални и технички средства<br>• Стара и дотраена дограма<br>• Стара и оштетена кровна конструкција<br>Недоволно квалитетна водоводна мрежа |
| **Идни активности:**<br>Приоритетни потподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето:<br>• Обезбедување на материјални и технички средства<br>• Промена на кровната конструкција<br>• Промена на старата и дотраена дограма<br>Санација на водоводната мрежа |

**Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето**

Комисија за спроведување на СЕУ:

| |
|---|
| Одговорен наставник Ана Каранфиловска, членови Димитар Ѓоргиевски, Лулјета Керими, Виолета Паревска и Нурџан Тефику |
| Одговорен наставник: Виолета Костова, членови: Сашка Делова, Виолета Најдовска,Марија Арсиќ и Драгана Т, Вржовска |
| Одговорен наставник: Јагода Димовска, членови: Марија Јаковлевск , Емилија Прчкова |
| Одговорен наставник: Лејла Усеиновска, членови: Кристина Вељановска, Јустра Рамадани и Ахила Р Сули. |